Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 50-7704/5
21.08.2025 год.-viti
Скопје-Shkup

Влада на Република Северна Македонија

Врз основа на член 73 став (1) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија" бр.24/11, 51/11, 148/11, 74/12, 171/12, 27/14, 139/14, 61/15, 154/15, 23/16, 178/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.251/22 и 168/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 5 август 2025 година, издаде

# ЛИЦЕНЦА
## за приредување на игри на среќа во обложувалница

1. На Друштвото за спортски обложувалници и игри на среќа, трговија и услуги „ЗЛАТНА КОПАЧКА-ЕДЕН" ДОО Скопје, МУ СЕ ИЗДАВА лиценца за приредување на игри на среќа во обложувалница, во деловната просторија која се наоѓа на ул.„Карл Либкнехт" бр.58А, Гази Баба Скопје.
2. Друштвото за спортски обложувалници и игри на среќа, трговија и услуги „ЗЛАТНА КОПАЧКА-ЕДЕН" ДОО Скопје Е ДОЛЖНО да започне со приредување на игрите на среќа во рок од 15 дена од денот на приемот на лиценцата.
3. Доколку Друштвото за спортски обложувалници и игри на среќа, трговија и услуги „ЗЛАТНА КОПАЧКА-ЕДЕН" ДОО Скопје не започне со приредување на игрите во рокот од точката 3, Владата на Република Северна Македонија ќе ја одземе лиценцата.
4. Друштвото за спортски обложувалници и игри на среќа, трговија и услуги „ЗЛАТНА КОПАЧКА-ЕДЕН" ДОО Скопје Е ДОЛЖНО да го плати надоместокот за добивање на лиценца за приредување на игри на среќа во обложувалница во износ од 105.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата и тоа 50% од надоместокот во износ од 52.500 евра во рок од 15 дена од денот на приемот на лиценцата, а остатокот од 50% на еднакви годишни рати додека трае лиценцата, односно:
- износ од 17.500 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата, во рок од една година од денот на приемот на лиценцата;
- износ од 17.500 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата, во рок од две години од денот на приемот на лиценцата и
- износ од 17.500 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата, во рок од три години од денот на приемот на лиценцата.
5. Доколку Друштвото за спортски обложувалници и игри на среќа, трговија и услуги „ЗЛАТНА КОПАЧКА-ЕДЕН" ДОО Скопје не плати 50% од надоместокот, односно не го плати износот од 52.500 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата во рок од 15 дена од денот на приемот на лиценцата, ќе се смета дека лиценцата не била воопшто издадена.
6. Доколку Друштвото за спортски обложувалници и игри на среќа, трговија и услуги „ЗЛАТНА КОПАЧКА-ЕДЕН" ДОО Скопје не ги плаќа годишните рати во износ од 17.500 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата во роковите од точката 4, Владата на Република Северна Македонија ќе ја одземе лиценцата.
7. Друштвото за спортски обложувалници и игри на среќа, трговија и услуги „ЗЛАТНА КОПАЧКА-ЕДЕН" ДОО Скопје Е ДОЛЖНО да депонира депозит или да обезбеди банкарска гаранција, во банка со седиште во

Република Северна Македонија, во износ од 300.000 во денарска противвредност по средниот курс на Република Северна Македонија на денот на уплатата на депозитот, односно на денот на издавањето на банкарската гаранција, во рок од 15 дена од денот на приемот на лиценцата.
8. Доколку Друштвото за спортски обложувалници и игри на среќа, трговија и услуги „ЗЛАТНА КОПАЧКА-ЕДЕН“ ДОО Скопје не депонира депозит или не обезбеди банкарска гаранција во рок од 15 дена од денот на приемот на лиценцата, Владата на Република Северна Македонија ќе ја одземе лиценцата.
9. Друштвото за спортски обложувалници и игри на среќа, трговија и услуги „ЗЛАТНА КОПАЧКА-ЕДЕН“ ДОО Скопје Е ДОЛЖНО да плаќа посебна давачка во висина од 20% која се пресметува на разликата меѓу уплатениот износ од сите компјутери во сите уплатно-исплатни места и исплатениот износ од сите компјутери во сите уплатно-исплатни места, на месечна основа.
10. Друштвото за спортски обложувалници и игри на среќа, трговија и услуги „ЗЛАТНА КОПАЧКА-ЕДЕН“ ДОО Скопје Е ДОЛЖНО, на месечна основа, за финансирање на спортот да плаќа посебна давачка во висина од 3% која се пресметува на разликата меѓу уплатениот износ од сите компјутери во сите уплатно-исплатни места на тој приредувач и исплатениот износ од сите компјутери во сите уплатно-исплатни места.
11. Друштвото за спортски обложувалници и игри на среќа, трговија и услуги „ЗЛАТНА КОПАЧКА-ЕДЕН“ ДОО Скопје Е ДОЛЖНО да ја одржува висината на основната главнина на трговското друштво пропишана во Законот за игрите на среќа и за забавните игри, односно во износ кој неможе да биде помал од 500.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата.
12. Доколку Друштвото за спортски обложувалници и игри на среќа, трговија и услуги „ЗЛАТНА КОПАЧКА-ЕДЕН“ ДОО Скопје не ја одржува висината на основната главнина од точката 11, Владата на Република Северна Македонија ќе ја одземе лиценцата.
13. Оваа лиценца ќе се објави на интернет страницата на Министерството за финансии.
14.Оваа лиценца стапува на сила од денот на нејзиното донесување.

## Образложение

Друштвото за спортски обложувалници и игри на среќа, трговија и услуги „ЗЛАТНА КОПАЧКА-ЕДЕН“ ДОО Скопје до Министерството за финансии поднесе барање бр.13-3286/1 од 16.4.2025 година и дополнување на барањето бр.13-3286/2 од 11.7.2025 година и 13-3286/3 од 4.8.2025 година за добивање на лиценца за приредување на игри на среќа во обложувалница.
Кон барањето подносителот ги достави следните документи:

1. Договор за основање на друштвото со ограничена одговорност од 13.3.2007 година склучен помеѓу содружниците Антонио Филевски и Перо Велковски.
2. Договор за основање на друштвото со ограничена одговорност (пречистен текст) од 16.9.2013 година, склучен помеѓу содружниците Антонио Филевски и Перо Велковски.
3. Договор за основање на друштвото со ограничена одговорност (пречистен текст) од 17.3.2014 година, склучен помеѓу содружниците Антонио Филевски и Перо Велковски.
4. Договор за основање на друштвото со ограничена одговорност (пречистен текст) од 15.9.2016 година, склучен помеѓу содружниците Антонио Филевски и Перо Велковски.
5. Договор за основање на друштвото со ограничена одговорност-ДОО (пречистен текст) од 2.1.2020 година, склучен помеѓу содружниците Зоран Стерјоски и Перо Велковски.
6. Договор за основање на друштвото со ограничена одговорност-ДОО (пречистен текст) од 21.1.2020 година, склучен помеѓу содружниците Ѓоко Стерјоски, Зоран Стерјоски и Перо Велковски.

**Институција** Влада на Република Северна Македонија
**Датум/Време** 13.08.2025 14:47
**Верификација** Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу.
**https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=7777d364-6d3c-4979-88c5-1e4137510680&docSharePointURL=/materijali/2025/638899936388339337/Documents/act(1).docx&materialId=e7ba8dfa-0901-49bb-90de-eae435fcdaaa**

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

7. Договор за основање на друштвото со ограничена одговорност-ДОО (пречистен текст) од 25.11.2020 година, склучен помеѓу содружниците Ѓоко Стерјоски, Зоран Стерјоски и Перо Велковски.
8. Договор за основање на друштвото со ограничена одговорност-ДОО (пречистен текст) од 30.6.2021 година, склучен помеѓу содружниците Ѓоко Стерјоски, Зоран Стерјоски и Перо Велковски.
9. Договор за основање на друштвото со ограничена одговорност-ДОО (пречистен текст) од 16.8.2021 година, склучен помеѓу содружниците Ѓоко Стерјоски, Зоран Стерјоски и Перо Велковски.
10. Договор за основање на друштвото со ограничена одговорност-ДОО (пречистен текст) од 10.11.2021 година, склучен помеѓу содружниците Ѓоко Стерјоски и Зоран Стерјоски.
11. Договор за основање на друштвото со ограничена одговорност-ДОО (пречистен текст) од 25.1.2022 година склучен помеѓу содружниците Ѓоко Стерјоски и Зоран Стерјоски.
12. Договор за основање на друштво со ограничена одговорност-ДОО (пречистен текс) од 22.9.2022 година, склучен помеѓу содружниците Зоран Стерјоски, Ѓоко Стерјоски, Горан Павиќевиќ, Мирјана Кочевска, Љупчо Манџуков, Зоран Божиновски и Друштво за производство, трговија и услуги АММ КОМПАНИ ДООЕЛ.
13. Договор за основање на друштво со ограничена одговорност-ДОО (пречистен текст) од 3.2.2023 година склучен помеѓу содружниците Зоран Стерјоски, Ѓоко Стерјоски, Горан Павиќевиќ, Мирјана Кочевска, Љупчо Манџуков, Зоран Божиновски и Друштво за производство, трговија и услуги АММ КОМПАНИ ДООЕЛ.
14. Договор за основање на друштво со ограничена одговорност-ДОО (пречистен текст) од 12.7.2023 година склучен помеѓу содружниците Зоран Стерјоски, Ѓоко Стерјоски, Горан Павиќевиќ, Мирјана Кочевска, Љупчо Манџуков, Зоран Божиновски и Друштво за производство, трговија и услуги АММ КОМПАНИ ДООЕЛ.
15. Договор за основање на друштво со ограничена одговорност-ДОО (пречистен текст) од 9.8.2024 година склучен помеѓу содружниците Зоран Стерјоски, Ѓоко Стерјоски, Горан Павиќевиќ, Мирјана Кочевска, Љупчо Манџуков, Зоран Божиновски, Друштво за производство, трговија и услуги АММ КОМПАНИ ДООЕЛ и Друштвото за услуги, советување и останато управување СТХ ДОО Скопје.
16. Договор за основање на Друштвото со ограничена одговорност-ДОО (пречистен текст) од 17.2.2025 година склучен помеѓу содружниците Зоран Стерјоски, Ѓоко Стерјоски, Горан Павиќевиќ, Мирјана Кочевска, Љупчо Манџуков, Зоран Божиновски и Друштвото за услуги, советување и останато управување СТХ ДОО Скопје.
17. Докази за потекло на паричниот влог внесен во основната главнина на друштвото од страна на содружниците Ѓоко Стерјоски и Зоран Стерјоски од Скопје: одлука за распределба на дивиденда бр.01-1960 од 18.9.2018 година донесена од содружниците на Друштвото за промет и услуги „СПОРТ-ЛАИФ ТРЕЈД“ ДОО Скопје, извод број 186 за промени на состојбата на средствата на сметката на ден 19.9.2018 година издаден од НЛБ банка АД Скопје, договор за пренос на удел склучен на ден 2.1.2020 година помеѓу Антонио Филевски и Зоран Стерјоски, картица за партија 210-5015859111.52 за период од 18.9.2019 до 18.9.2019 година издадена од НЛБ банка АД Скопје, картица за партија 210-5015859111.52 за период од 14.3.2019 до 14.3.2019 година издадена од НЛБ банка АД Скопје, картица за партија 210-5015859111.52 за период од 28.6.2019 до 28.6.2019 година издадена од НЛБ банка АД Скопје, одлука за распределба на дивиденда бр.01-487 од 14.3.2019 година донесена од содружниците на Друштвото за промет и услуги „СПОРТ-ЛАИФ ТРЕЈД“ ДОО Скопје, извод 52 за промени за состојбата на средствата на сметката на ден 14.3.2019 година издаден од НЛБ банка АД Скопје, Одлука за распределба на дивиденда бр.01-1199 од 27.6.2019 година донесена од содружниците на Друштвото за промет и услуги „СПОРТ-ЛАИФ ТРЕЈД“ ДОО Скопје, извод 125 за промени за состојбата на средствата на сметката на ден 28.6.2019 година издаден од НЛБ банка АД Скопје, Одлука за распределба на дивиденда бр.01-1793


| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 13.08.2025 14:47 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=7777d364-6d3c-4979-88c5-1e4137510680&docSharePointURL=/materijali/2025/638899936388339337/Documents/act(1).docx&materialId=e7ba8dfa-0901-49bb-90de-eae435fcdaaa** |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

од 16.9.2019 година донесена од содружниците на Друштвото за промет и услуги „СПОРТ-ЛАИФ ТРЕЈД“ ДОО Скопје, извод број 182 за промени за состојбата на средствата на сметката на ден 18.9.2019 година издадени од НЛБ Банка АД Скопје, извод број 12 за промени на состојбата на средствата на сметката на ден 22.1.2020 година издаден од НЛБ Банка АД Скопје, картица за партија 210-5015699452.43 за период од 14.3.2019 до 14.3.2019 година издадена од НЛБ банка АД Скопје, картица за партија 210-5015699452.43 за период од 18.9.2019 година издадена од НЛБ банка АД Скопје, картица за партија 210-5015699452.43 за период од 28.6.2019 до 28.6.2019 година издадена од НЛБ банка АД Скопје, договор за пренос на удел со надомест склучен на ден 10.11.2021 година во Скопје помеѓу Перо Велковски како пренесувач на удел и Ѓоко Стерјоски и Зоран Стерјоски како лица кои го преземаат уделот, извод број 212 за промени на состојбата на средствата на сметката на ден 25.11.2020 година издаден од НЛБ банка АД Скопје, извод број 216 за промени на состојбата на средствата на сметката на ден 1.12.2020 година издаден од НЛБ банка АД Скопје, одлука за распределба на дивиденда бр.01-538 од 9.8.2022 година донесена од содружниците на Друштвото за промет и услуги „СПОРТ-ЛАИФ ТРЕЈД“ ДОО Скопје, извод број 150 за промени на состојбата на средствата на сметката на ден 10.8.2022 година издаден од НЛБ банка АД Скопје, картица за партија 210-5015859111.52 за период од 10.8.2022 до 10.8.2022 година издадена од НЛБ банка АД Скопје, картица за партија 210-5015859111.52 за период од 2.2.2023 година до 2.2.2023 година издадена од НЛБ банка АД Скопје и извод број 21 за промени на состојбата на средствата на сметката на ден 2.2.2023 година издаден од НЛБ банка АД Скопје.

18. **Докази за потекло на парите со кои содружникот Горан Павиќевиќ од Скопје купува дел од уделот во износ од 1.991.100,00 денари од содружникот Зоран Стерјоски за надоместок од 5.719.500,00 денари:** договор за пренос на удел со надомест склучен на ден 21.9.2022 година помеѓу Зоран Стерјоски и Горан Павиќевиќ, картица за партија 210-5015859111.52 за период од 21.9.2022 година до 21.9.2022 година, картица за партија 210-5015893983.02 за период од 27.5.2022 година до 21.9.2022 година, картица за партија 210-5015893983.02 за период од 21.9.2022 година до 21.9.2022 година и налог ПП 30 од 21.9.2022 година издадени од НЛБ БАНКА АД Скопје, годишна даночна пријава за утврдување на данокот за личен доход за 2022 година од Управата за јавни приходи заведена под број 270423139809 од 27.4.2023 година, годишна даночна пријава за утврдување на данокот за личен доход за 2021 година од Управата за јавни приходи заведена под број 250522115350 од 25.5.2022 година, изјава под морална, материјална и кривична одговорност дадена од Горан Павиќевиќ од Скопје заверена на нотар Зафир Хаџи-Зафиров од Скопје под УЗП БР.7268/2025 од ден 10.7.2025 година.
19. **Докази за потекло на парите со кои содружникот Мирјана Кочевска од Скопје купува дел од уделот во износ од 1.991.100,00 денари од содружникот Ѓоко Стерјоски за надоместок од 5.719.500,00 денари:** договор за пренос на удел со надомест од 21.9.2022 година склучен помеѓу Ѓоко Стерјоски, Мирјана Кочевска, Љупчо Манџуков, Зоран Божиновски и Друштвото за производство, трговија и услуги АММ КОМПАНИ ДООЕЛ, картица за партија 210-5015690222.88 за период од 18.8.2022 година до 22.9.2022 година и картица за партија 210-5015699452.43 за период од 21.9.2022 година до 21.9.2022 година издадени од НЛБ Банка АД Скопје.
20. **Докази за потекло на парите со кои содружникот Љупчо Манџуков од Штип купува дел од уделот во износ од 1.327.400,00 денари од содружникот Ѓоко Стерјоски за надоместок од 3.813.000,00 денари:** договор за пренос на удел со надомест од 21.9.2022 година склучен помеѓу Ѓоко Стерјоски, Мирјана Кочевска, Љупчо Манџуков, Зоран Божиновски и Друштвото за производство, трговија и услуги АММ КОМПАНИ ДООЕЛ, картица за партија 210-5015699452.43 за период од 21.9.2022 година до 21.9.2022 година издадена од НЛБ Банка АД Скопје, извод од платежна сметка за период од 20.6.2022 година до 21.9.2022 година издаден од Комерцијална Банка АД Скопје, извод од платежна сметка за период од

| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 13.08.2025 14:47 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=7777d364-6d3c-4979-88c5-1e4137510680&docSharePointURL=/materijali/2025/638899936388339337/Documents/act(1).docx&materialId=e7ba8dfa-0901-49bb-90de-eae435fcdaaa** |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

20.6.2022 година до 20.6.2022 година издаден од Комерцијална Банка АД Скопје и извод од платежна сметка за период од 21.9.2022 година до 21.9.2022 година издаден од Комерцијална Банка АД Скопје.

21. **Докази за потекло на парите со кои содружникот Зоран Божиновски од Куманово купува дел од уделот во износ од 663.700,00 денари содружникот Ѓоко Стерјоски за надоместок од 1.906.500,00 денари:** договор за пренос на удел со надомест од 21.09.2022 година склучен помеѓу Ѓоко Стерјоски, Мирјана Кочевска, Љупчо Манџуков, Зоран Божиновски и Друштвото за производство, трговија и услуги АММ КОМПАНИ ДООЕЛ, картица за партија 210-5017312623.54 за период од 21.9.2022 година до 21.9.2022 година издадена од НЛБ Банка АД Скопје, два налози ПП30 од 21.9.2022 година издадени од НЛБ банка АД Скопје и картица за партија 210-5015699452.43 за период од 21.9.2022 година до 21.9.2022 година издадена од НЛБ банка АД Скопје.
22. **Докази за потекло на парите со кои содружникот Друштвото за услуги, советување и останато управување СТХ ДОО Скопје купува дел од уделот во износ од 1.991.100,00 денари од претходниот содружник Друштвото за производство, трговија и услуги АММ КОМПАНИ ДООЕЛ за надоместок од 5.719.500,00 денари, дел од уделот во износ од 37.830.200,00 денари од содружникот Ѓоко Стерјоски за надоместок од 86.901.345,00 денар и дел од уделот во износ од 12.610.100,00 денари од содружникот Зоран Стерјоски за надоместок од 28.967.115,00 денари:** договор за пренос на удел со надомест склучен на ден 18.2.2025 година помеѓу Друштвото за производство, трговија и услуги АММ КОМПАНИ ДООЕЛ и Друштвото за услуги, советување и останато управување СТХ ДОО Скопје, извод број 25 за промените и сосотојбата на средствата на сметка на ден 18.2.2025 година издаден од Комерцијална банка АД Скопје, договор за пренос на удел склучен на ден 29.10.2024 година помеѓу Зоран Стерјоски и Друштвото за услуги, советување и останато управување СТХ ДОО Скопје, договор за пренос на удел склучен на ден 29.10.2024 година помеѓу Ѓоко Стерјоски и Друштвото за услуги, советување и останато управување СТХ ДОО Скопје и извод број 109 за промените на состојбата на средствата на сметка на ден 29.10.2024 година, извод број 8 за промените и состојбата на сметката на ден 21.3.2024 година издаден од Комерцијална банка АД Скопје, извод број 14 за промените и состојбата на сметката на ден 8.4.2024 година издаден од Комерцијална банка АД Скопје, извод број 84 за промените и состојбата на сметката на ден 4.9.2024 година издаден од Комерцијална банка АД Скопје, извод број 94 за промените и состојбата на сметката на ден 30.9.2024 година издаден од Комерцијална банка АД Скопје, извод број 99 за промените и состојбата на сметката на ден 7.10.2024 година издаден од Комерцијална банка АД Скопје, извод број 101 за промените и состојбата на сметката на ден 9.10.2024 година издаден од Комерцијална банка АД Скопје, извод број 103 за промените и состојбата на сметката на ден 15.10.2024 година издаден од Комерцијална банка АД Скопје, извод број 129 за промените и состојбата на сметката на ден 3.12.2024 година издаден од Комерцијална банка АД Скопје и Нотарски Акт-Спогодба за издвојување со превземање составена на ден 25.9.2023 година под ОДУ бр.1654/2023 склучена на нотар Зафир Хаџи-Зафиров од Скопје.
23. Тековна состојба бр.0805-50/150020250088247 од 12.3.2025 година издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија.
24. Правила на игра за обложување на резултати на различни спортски настани донесени од Друштвото за спортски обложувалници и игри на среќа, трговија и услуги „ЗЛАТНА КОПАЧКА-ЕДЕН“ ДОО Скопје бр.03-525 од 15.4.2025 година.
25. Извештај за состојба на платежна сметка во денари (солвентност) од 16.4.2025 година издаден од Комерцијална Банка АД Скопје.
26. Потврда за платени придонеси и исплатени плати бр.12-530-19530/1 од 16.4.2025 година издадена од Комерцијална Банка АД Скопје.


| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 13.08.2025 14:47 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=7777d364-6d3c-4979-88c5-1e4137510680&docSharePointURL=/materijali/2025/638899936388339337/Documents/act(1).docx&materialId=e7ba8dfa-0901-49bb-90de-eae435fcdaaa** |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

27.Програма за спречување перење пари и финансирање на тероризам бр.03-521 од 15.4.2025 година и Проценка на ризик од перење пари и финансирање на тероризам на друштвото за спортски обложувалници и игри на среќа, трговија и услуги ЗЛАТНА КОПАЧКА-ЕДЕН ДОО Скопје бр.03-520 од 15.4.2025 година донесени од Друштвото за спортски обложувалници и игри на среќа, трговија и услуги „ЗЛАТНА КОПАЧКА-ЕДЕН" ДОО Скопје.

28.Извод бр.73 за промените и состојбата на сметката 300000005073524 издаден на ден 15.4.2025 година од Комерцијална Банка АД Скопје.

29.Решение бр.3017/01250-0302/2 од 19.03.2025 година и записник бр.3017/01250-0302/1 од 19.3.2025 година изготвени од Управата за јавни приходи, Регионална дирекција Скопје.

30.Уверение за состојба на даноци, придонеси и други јавни приходи и давачки бр.30-55/1795/2 од 8.4.2025 година издадено од Управата за јавни приходи, Регионална дирекција Скопје и потврда за платени царини бр.05-016049/25-0002 од 10.3.2025 година издадена од Царинската управа на Република Северна Македонија.

31.Потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица бр.0815-18/154-6 од 7.3.2025 година дека на трговското друштво не му е изречена споредна казна забрана за добивање на дозвола, лиценца, концесија, овластување или друго право утврдено со посебен закон издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија.

32.Потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица бр.0815-18/154-7 од 7.3.2025 година дека на трговското друштво не му е изречена споредна казна одземање на дозвола, лиценца, концесија, овластување или друго право утврдено со посебен закон издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија.

33.Потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица бр.0808-50/150120250005430 од 07.03.2025 година дека на трговското друштво не му е изречена споредна казна привремена забрана за вршење на одделна дејност издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија.

34.Потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица бр.0808-50/150120250005431 од 07.03.2025 година дека на трговското друштво не му е изречена споредна казна трајна забрана за вршење на одделна дејност издадена од Централниот Регистар на Република Северна Македонија.

35.Информација за економско-финансиската состојба на субјектот бр.0905-27/93 од 20.3.2025 година издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија.

36.Уплатница ПП 50 за платена административна такса во износ од 650,00 денари.

Постапувајќи по поднесеното барање, а врз основа на доставените документи, Министерството за финансии ја утврди следната фактичка состојба:

Доставеното барање за добивање на лиценца се однесува за приредување на игри на среќа во обложувалница, што произлегува од доставените правила на игра за обложување на резултати на различни спортски настани донесени од Друштвото за спортски обложувалници и игри на среќа, трговија и услуги „ЗЛАТНА КОПАЧКА-ЕДЕН" ДОО Скопје бр.03-525 од 15.4.2025 година, кои се во согласност со член 78 од Законот за игрите на среќа и за забавните игри.

Трговското друштво нема блокирано трансакциска сметка во банка во моментот на поднесување на барањето за издавање на лиценца, видно од Извештајот за состојба на платежна сметка во денари (солвентност) од 16.4.2025 година издаден од Комерцијална Банка АД Скопје.

Трговското друштво редовно исплатува плати на вработените во последните шест месеци видно од потврдата за платени придонеси и исплатени плати бр.12-530-19530/1 од 16.4.2025 година издадена од Комерцијална Банка АД Скопје.

| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 13.08.2025 14:47 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=7777d364-6d3c-4979-88c5-1e4137510680&docSharePointURL=/materijali/2025/638899936388339337/Documents/act(1).docx&materialId=e7ba8dfa-0901-49bb-90de-eae435fcdaaa** |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

Потеклото на средствата внесени во основната главнина на друштвото се утрди од следната документација:
Од Договорот за основање на друштвото со ограничена одговорност-ДОО (пречистен текст) од 17.2.2025 година склучен помеѓу содружниците на друштвото се утврди дека основната главнина на друштвото изнесува 66.369.000,00 денари паричен влог и истиот е во сопственост на содружниците на друштвото: Зоран Стерјоски, Ѓоко Стерјоски, Горан Павиќевиќ, Мирјана Кочевска, Љупчо Манџуков, Зоран Божиновски и Друштвото за услуги, советување и останато управување СТХ ДОО Скопје.
Потеклото на влогот во вкупен износ од 66.369.000,00 денари внесен од страна на содружниците Зоран Стерјоски и Ѓоко Стерјоски (по преносот на дел од своите удели Зоран Стерјоски останува со влог од 1.991.100,00 денари и Ѓоко Стерјоски останува со влог од 5.973.200,00 денари) се утврди од доказите наведени во точката 17, односно нивниот паричен влог потекнува од дивиденда распределена од страна на Друштвото за промет и услуги „СПОРТ-ЛАИФ ТРЕЈД“ ДОО Скопје.
Содружникот Горан Павиќевиќ својот влог во износ од 1.991.100,00 денари го стекнува согласно договор за пренос на удел со надомест склучен на ден 21.9.2022 година помеѓу Зоран Стерјоски и Горан Павиќевиќ, а потеклото на парите со кои е купен уделот од Зоран Стерјоски се утврди од доказите наведени во точката 18, односно истите потекнуваат од плата и надоместоци на плата од работен однос.
Содружникот Мирјана Кочевска својот влог во износ од 1.991.100,00 денари го стекнува согласно договор за пренос на удел со надомест од 21.9.2022 година склучен помеѓу Ѓоко Стерјоски, Мирјана Кочевска, Љупчо Манџуков, Зоран Божиновски и Друштвото за производство, трговија и услуги АММ КОМПАНИ ДООЕЛ, а потеклото на парите со кои е купен уделот од Ѓоко Стерјоски се утврди од доказите наведени во точката 19, односно истите потекнуваат од вратена позајмица по основ на дадени заеми.
Содружникот Љупчо Манџуков својот влог во износ од 1.327.400,00 денари го стекнува согласно договор за пренос на удел со надомест од 21.9.2022 година склучен помеѓу Ѓоко Стерјоски, Мирјана Кочевска, Љупчо Манџуков, Зоран Божиновски и Друштвото за производство, трговија и услуги АММ КОМПАНИ ДООЕЛ, а потеклото на парите со кои е купен уделот од Ѓоко Стерјоски се утврди од доказите наведени во точката 20, односно истите потекнуваат од враќање на дадена позајмица.
Содружникот Зоран Божиновски својот влог во износ од 663.700,00 денари го стекнува согласно договор за пренос на удел со надомест од 21.9.2022 година склучен помеѓу Ѓоко Стерјоски, Мирјана Кочевска, Љупчо Манџуков, Зоран Божиновски и Друштвото за производство, трговија и услуги АММ КОМПАНИ ДООЕЛ, а потеклото на парите со кои е купен уделот од Ѓоко Стерјоски се утврди од доказите наведени во точката 21, односно истите потекнуваат од вратена позајмица по основ на даден заем.
Содружникот Друштвото за услуги советување и останато управување СТХ ДОО Скопје својот влог во износ од 52.431.400,00 денари го стекнува согласно договор за пренос на удел со надомест склучен на ден 18.2.2025 година помеѓу Друштвото за производство, трговија и услуги АММ КОМПАНИ ДООЕЛ и Друштвото за услуги, советување и останато управување СТХ ДОО Скопје, договор за пренос на удел склучен на ден 29.10.2024 година помеѓу Зоран Стерјоски и Друштвото за услуги, советување и останато управување СТХ ДОО Скопје и договор за пренос на удел склучен на ден 29.10.2024 година помеѓу Ѓоко Стерјоски и Друштвото за услуги, советување и останато управување СТХ ДОО Скопје, а потеклото на парите со кои се купени уделите од Друштвото за производство, трговија и услуги АММ КОМПАНИ ДООЕЛ, од Зоран Стерјоски и од Ѓоко Стерјоски се утврди од доказите наведени во точката 22, односно истите потекнуваат од тековното работење на друштвото.
Од доставените Програма за спречување перење пари и финансирање на тероризам бр.03-521 од 15.4.2025 година и Проценка на ризик од перење пари и финансирање на тероризам на друштвото за спортски обложувалници и игри на среќа, трговија и услуги ЗЛАТНА КОПАЧКА-ЕДЕН ДОО Скопје бр.03-520 од 15.4.2025 година донесени од Друштвото за спортски обложувалници и игри на среќа, трговија и услуги


| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 13.08.2025 14:47 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=7777d364-6d3c-4979-88c5-1e4137510680&docSharePointURL=/materijali/2025/638899936388339337/Documents/act(1).docx&materialId=e7ba8dfa-0901-49bb-90de-eae435fcdaaa** |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

„ЗЛАТНА КОПАЧКА-ЕДЕН" ДОО Скопје, се утврди дека друштвото има Програма со која се дефинираат организационите, материјално-техничките и другите мерки и дејствија кои се спроведуваат во деловните простории на Друштвото за спортски обложувалници и игри на среќа, трговија и услуги „ЗЛАТНА КОПАЧКА-ЕДЕН" ДОО Скопје заради откривање и спречување на активности на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам и има направено Проценка на ризик од перење пари и финансирање на тероризам.

Од изводот бр.73 за промените и состојбата на сметката 300000005073524 на ден 15.4.2025 година издаден од Комерцијална Банка АД Скопје се утврди дека на сметката има доволно парични средства за уплата на надоместокот за добивање на лиценца за приредување на игри на среќа во обложувалница кои потекнуваат од прометот на друштвото.

Од доставените решение бр.3017/01250-0302/2 од 19.3.2025 година и записник бр.3017/01250-0302/1 од 19.3.2025 година изготвени од Управата за јавни приходи, Регионална дирекција Скопје се утврди дека уплатно-исплатното место кое се наоѓа на ул.„Карл Либкнехт" бр.58А, Гази Баба Скопје, ги исполнува просторните и техничко-технолошките услови за приредување на игри на среќа во обложувалница.

Трговското друштво ги има измирено јавните давачки по основ на даноци, царини и придонеси за задолжително социјално осигурување до месецот во кој е поднесено барањето за издавање на лиценца, видно од уверението бр.30-55/1795/2 од 08.04.2025 година издадено од Управата за јавни приходи, Регионална дирекција Скопје и потврда за платени царини бр.05-016049/25-0002 од 10.3.2025 година година издадена од Царинската управа на Република Северна Македонија.

Од доставените потврди од Централниот Регистар на Република Северна Македонија бр.0815-18/154-6 од 7.3.2025, бр.0815-18/154-7, бр.0808-50/150120250005430 и бр.0808-50/150120250005431 од 7.3.2025 година се утврди дека на трговското друштво не му е изречена споредна казна забрана за добивање на лиценца за приредување на игрите на среќа, не му е изречена споредна казна одземање на лиценца за приредување на игрите на среќа, не му е изречена споредна казна привремена забрана за вршење на дејност за приредување на игрите на среќа и не му е изречена споредна казна трајна забрана за вршење на дејност за приредување на игрите на среќа.

Друштвото за спортски обложувалници и игри на среќа, трговија и услуги „ЗЛАТНА КОПАЧКА-ЕДЕН" ДОО Скопје достави информација за економско-финансиската состојба издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија бр.0905-27/93 од 20.3.2025 година, со која врз основа на годишната сметка за 2024 година, споредбените показатели за финансиската стабилност, ликвидност и успешност во работењето се потврдува економско-финансиската состојба во работењето на друштвото.

Барање за издавање на лиценца за приредување на игри на среќа во обложувалница согласно член 73 став (2) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри може да поднесе трговско друштво кое на денот на поднесувањето на барањето има уплатено основна главнина која не може да биде помала од 500.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Македонија на денот на уплатата. Друштвото за спортски обложувалници и игри на среќа, трговија и услуги „ЗЛАТНА КОПАЧКА-ЕДЕН" ДОО Скопје на денот на поднесувањето на барањето за издавање на лиценца за приредување на игри на среќа во обложувалница има уплатено основна главнина во износ од 66.369.000,00 денари.

Согласно член 75 од Законот, барателот за издавање на лиценца за приредување на игри на среќа во обложувалница мора да има обезбедено надзорен информациски систем преку кој се поврзани сите компјутери, преку кој ќе се врши евидентирање на уплатата и исплатата од сите свои уплатно-исплатни места, така што системот обезбедува податоци за уплатата и исплатата на секој од компјутерите кои може да се прикажуваат во секое време и таквиот систем мора да овозможува негово поврзување со информацискиот систем на Управата за јавни приходи. Од доставеното мислење бр.21-254/6 од 25.9.2013


| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 13.08.2025 14:47 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=7777d364-6d3c-4979-88c5-1e4137510680&docSharePointURL=/materijali/2025/638899936388339337/Documents/act(1).docx&materialId=e7ba8dfa-0901-49bb-90de-eae435fcdaaa** |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

година доставено од Управата за јавни приходи, Генерална дирекција Скопје се утврди дека надзорниот информациски систем на Друштвото за спортски обложувалници и игри на среќа, трговија и услуги „ЗЛАТНА КОПАЧКА-ЕДЕН“ ДОО Скопје е поврзан со информацискиот систем на УЈП.

Врз основа на доставените докази и утврдената фактичка состојба, се оцени дека се исполнети условите за издавање на лиценца за приредување на игри на среќа во обложувалница на Друштвото за спортски обложувалници и игри на среќа, трговија и услуги „ЗЛАТНА КОПАЧКА-ЕДЕН“ ДОО Скопје, поради што се одлучи како во точката 1 од диспозитивот на оваа лиценца.

Во согласност со член 74 став (1) од Законот, лиценцата за приредување на игри на среќа во обложувалница се издава за период од три години.

Според член 10 став (1) од Законот, трговското друштво на кое му е издадена лиценца во согласност со овој закон е должно да започне со приредување на игрите на среќа во рок од 15 дена од денот на приемот на лиценцата. Доколку друштвото не започне со приредување на игрите на среќа во рок од 15 дена, Владата на Република Северна Македонија ќе му ја одземе лиценцата. Со оглед на наведеното се одлучи како во точките 2 и 3 од диспозитивот на оваа лиценца.

Според член 74 став (2) од Законот, за добивање на лиценца за приредување игри на среќа во обложувалница се плаќа надоместок во износ од 105.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата. Надоместокот за лиценцата се плаќа така што 50% од надоместокот се уплаќа при издавање на лиценцата, а остатокот од 50% на еднакви годишни рати додека трае лиценцата. Надоместокот од 50% кој се плаќа при издавање на лиценцата, приредувачот на игрите на среќа е должен да го плати во рок од 15 дена од денот на приемот на лиценцата. Доколку друштвото не го плати надоместокот во утврдениот рок, ќе се смета дека лиценцата не била воопшто издадена. Роковите на достасаност на годишните рати за надоместокот во износ од 50% се утврдуваат во лиценцата. Доколку приредувачот на игрите на среќа пропушти да го плати износот на годишната рата до утврдениот датум согласно со лиценцата, Владата на Република Северна Македонија ја одзема лиценцата. Со оглед на наведените законски одредби се одлучи како во точките 4, 5 и 6 од диспозитивот на оваа лиценца.

Според член 76 став (1) од Законот, приредувачот на игри на среќа во обложувалница за обезбедување на исплатата на добивките на учесниците во игрите на среќа во обложувалницата, за плаќање на јавните давачки утврдени со закон, како и за надоместоците и посебната давачка утврдени со овој закон е должен да депонира депозит или да обезбеди банкарска гаранција, во банка со седиште во Република Северна Македонија, во износ од 300.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на депонирањето, односно на денот на издавањето на банкарската гаранција. Согласно член 13 став (1) точка 9) од Законот, доколку приредувачот на игрите на среќа не депонира депозит или не обезбеди банкарска гаранција до утврдениот датум согласно со лиценцата, Владата на Република Северна Македонија ја одзема лиценцата. Со оглед на наведените законски одредби се одлучи како во точките 7 и 8 од диспозитивот на оваа лиценца.

Согласно член 79 ставови (1), (2) и (3) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри, за приредување на игрите на среќа во обложувалница, Друштвото за спортски обложувалници и игри на среќа, трговија и услуги „ЗЛАТНА КОПАЧКА-ЕДЕН“ ДОО Скопје, се задолжува, на месечна основа, да плаќа посебна давачка во висина од 20% која се пресметува на разликата меѓу уплатениот износ од сите компјутери во сите уплатно-исплатни места на тој приредувач и исплатениот износ од сите компјутери во сите уплатно-исплатни места. Исто така, Друштвото за спортски обложувалници и игри на среќа, трговија и услуги „ЗЛАТНА КОПАЧКА-ЕДЕН“ ДОО Скопје, се задолжува, на месечна основа, за финансирање на спортот да плаќа посебна давачка во висина од 3% која се пресметува на разликата меѓу уплатениот износ од сите компјутери во сите уплатно-исплатни места на тој приредувач и исплатениот износ од сите компјутери во


**Институција** Влада на Република Северна Македонија

**Датум/Време** 13.08.2025 14:47

**Верификација** Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу.
**https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=7777d364-6d3c-4979-88c5-1e4137510680&docSharePointURL=/materijali/2025/638899936388339337/Documents/act(1).docx&materialId=e7ba8dfa-0901-49bb-90de-eae435fcdaaa**

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

сите уплатно-исплатни места, до 15-ти во месецот за претходниот месец. Со оглед на наведените законски одредби се одлучи како во точките 9 и 10 од диспозитивот на оваа лиценца.

Доколку приредувачот на игрите на среќа не ја одржува висината на основната главнина, согласно член 13 став (1) точка 12 од Законот за игрите на среќа и за забавните игри, Владата на Република Северна Македонија ќе му ја одземе лиценцата, поради што се одлучи како во точките 11 и 12 од диспозитивот на оваа лиценца.

Согласно член 13 од Законот, издадените лиценци за приредување на игрите на среќа се објавуваат на интернет страницата на Министерството за финансии, поради што по издавањето на лиценцата од страна на Владата на Република Северна Македонија, истатата се објавува на интернет страната на Министерството за финансии.

Со оглед на тоа што Друштвото за спортски обложувалници и игри на среќа, трговија и услуги „ЗЛАТНА КОПАЧКА-ЕДЕН“ ДОО Скопје достави комплетна документација, Министерството за финансии предлага Владата на Република Северна Македонија да ја издаде лиценцата за приредување на игри на среќа во обложувалница на Друштвото за спортски обложувалници и игри на среќа, трговија и услуги „ЗЛАТНА КОПАЧКА-ЕДЕН“ ДОО Скопје.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО**:** Против овој управен акт може да се поднесе тужба за поведување на управен спор, до Управниот суд, во рок од 30 дена од денот на доставувањето на управниот акт до странката.

**Претседател на Владата на Република Северна Македонија**

**Проф. д-р Христијан Мицкоски**

Digitally signed by Hristijan Mickoski
Date: 2025.08.21 15:07:00 +02:00

Подготвил: Тања Поповска, 13.08.2025
Проверил: Катерина Јаневска, 13.08.2025
Контролирал: Снежана Маркова Пендовски, 13.08.2025
Согласен: Снежана Маркова Пендовски, 13.08.2025

Одобрил: ,

| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 13.08.2025 14:47 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=7777d364-6d3c-4979-88c5-1e4137510680&docSharePointURL=/materijali/2025/638899936388339337/Documents/act(1).docx&materialId=e7ba8dfa-0901-49bb-90de-eae435fcdaaa** |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*